# ИНТЕНЗИВНА СЕСТРИНСКА НЕГА И АНЕСТЕЗИОЛОГИЈА

Билјана Демерџиева
ЈЗУ Општа болница – Гевгелија

април, 2014 =Клинички центар  Војводина – Нови Сад

# Клинички Центар Војводина, Историјат

- Клинички центар – Војводина –

- Представува продолжување на традицијата на една голема градска *болница*, која на денешниот простор на Клиничкиот центар е изградена 1909 год. Во почетокот била составена од неколку одделенија: хируршко, интерно, гинеколошко акушерско, дермато-венеролошко и инфективно. Подоцна установата го променува името во *Главна покраинска болница*, која имала околу 400 болнички легла. Со формирањето на Медицинскиот факултет во Нови Сад, болницата постанува наставна база на Медицинскиот факултет, и во периодот помеѓу 1977-1997 г. установата го носи името *Медицински Факултет во Нови Сад*.

# Клинички Центар Војводина, Историјат

Со одлука на владата на РС 1997 г. Установата го добива името Клинички центар Нови Сад , а од 2007 г. го добива денешниот назив *Клинички центар – Војводина*

Денес Клинички центар Војводина претставува врвна, високоспецијализирана здравствена институција од највисок ранг, а истовремено е и најголема научно – наставна база на Медицинскиот факултет и Универзитет во Нови Сад. Покрај редовните здравствени услуги, на клиниките и во центрите за дијагностика се врши едукација на лекари специјализанти и субспецијализанти. Исто така е единствен ургентен и болнички центар за градот Нови Сад и целиот регион на Јужна Бачка

# Клиника за анестезија и интензивна терапија

- Една од најмладите клиники во Клиничкиот центар – формирана 1991 година.
- Клиниката има две одделенија: *Одделение за анестезија* и *Одделение за интензивна терапија* и две поликлинички служби – *Амбуланта за предоперативна припрема на болни* и *Кабинет за лекување на хронична болка*
- На клиниката се вработени 36 анестезиолози и 61 медицински сестри и техничари
- **Дејност:**Здравствената дејност  на клиниката ја сочинуваат услугите на анестезиолозите во поглед на:

# Клиника за анестезија и интензивна терапија

1.предоперативна припрема на болни за елективна хирургија од осум гранки на хирургијата:

- абдоминална хирургија
- ендокрина и трансплантациона хирургија
- ортопедска хирургија
- урологија
- васкуларна хирургија
- неурохирургија
- пластична и реконструктивна хирургија и
- максилофацијална хирургија

2. Анестезија во оперативниот блок

# Клиника за анестезија и интензивна терапија

3. Постоперативна нега на потешки болни
4. Лекување на критично болни хирурчки пациенти
5. Услуги при бројни дијагностички и интервентни радиолошки процедури
6. Активности во дежурната анестезиолошка служба во Ургентниот центар

# 1. Предоперативна припрема на хируршки болни

- Оваа дејност се изведува во *Поликлиниката,* во *Амбуланта за предоперативна припрема на пациенти и итни медицински интервенции* преку:



  - лабораториски испитувања со сите расположливи лабораториски метоти и со помош на компјутеризирана и автоматизирана опрема
  - радиолошки испитувања кои исто така се спреоведуваат со помош на современа апаратура и техника
  - Субспецијалистички прегледи од лекари од други области, во зависност од природата на болеста

# 2. Анестезија во оперативниот блок

- Постои добра организација на работата, со обезбедени оптимални услови за истата:



  - централен довод и одвод на гасови: O2, CO2, анестетици
  - современи апарати за водење на анестезија, со автоматска вентилација и мониторинг на сите витални параметри на пациентот
  - апарат за гасни анализи на крв
  - пумпи и перфузори  за  котролирана и континуирана апликација на лекови
  - апарат за затоплување на инфузии




- Bis Vista – мониторинг на длабочина на наркоза
- Сите лекови и материјали потребни за водење на анестезија

# 3.Постоперативна нега на потешки болни

- Првиот дел од оваа нега се спроведува во оперативниот блок, веднаш после будење на пациентот од анестезија во т.н. СПА (соба после будење)

- Овде пациентите се мониторираат, се следат витални параметри , им се дава аналгезија односто овде поминуваат период на оправување после кој биваат преместени на матичните одделенија за понатамошна постоперативна нега

- Вториот дел се спроведува во одделот за интензивна нега, во случај кога се работи за потешки пациенти или подолги операции при кои има потреба пациентот подолго време да помине во наркоза. Во овој случај истиот во анестезија се транспортира во ЕИЛ и таму се буди после потребно време, обично после неколку часа

# 4. Лекување на критично болни хируршки пациенти

- Се спроведува во ЕИЛ , во овој блок има две сали со капацитет од по шест болнички кревети.



- Секој болнички кревет има:

  -хидраулички систем, централен довод и одвод на гасови, монитор,централен систем за аспирација, вентилатор, пумпи, перфузори

- Во ЕИЛ се спреведува 24 часовна континуирана нега на пациентите и 24 часовен мониторинг на истите, како и 24 часовна евалуација на

  активностите преку бележење на истите во посебниформулари кои пак се дел од болничката историја на пациентот

# 4. Лекување на критично болни хируршки пациенти

- Во ЕИЛ се води постојана грижа за хигиената преку посојано одржување на истата со употреба на разни методи и средства за дезинфекција
- Се води постапка за спречување на појава на инфекција преку неколку активности:

  - редовна промена на : системи за инфузија(24 ч), катетери(15 д.), аспирациони катетери(48 ч мах.), тубуси(7 д мах.), ервеји(7 д. Мах), брунили(7 д. Мах.), постелина(1 д.), веш(1 д.), црева, филтери од вентилатор(7д. Мах.) итн
- Се прават превентивни микробиолошки испитувања на излачевини при прием на болен во ЕИЛ (уринокултура, хемокултура)
- Се прават лабораториски крвни анализи( ЦРП, ПЦТ, Пресептин), кои се индикатори за појава и следење на степенот на инфекција

# 4. Лекување на критично болни хируршки пациенти





# 5. Услуги при бројни дијагностички и интервентни радиолошки процедури

- Службата за анестезија преку својата дејност врши услуги и при бројни дијагностички и интервентни радиолошки процедури
- Се работи за процедури кај мали деца, или инвазивни процедури за кои е потребно пациентот да биде воведен во анестезија

# 6. Активности во дежурната анестезиолошка служба во Ургентниот центар

- Вработените од КАРИЛ исто така обавуваат активности во дежурната служба во Ургентниот центар , кој е најмодерна , високософистицирана и опремена установа, единствена од овој вид во Нови Сад и во  регионот






# Заклучоци

- Оваа обука ми овозможи да видам и да учествувам во работата во  една врвна, високоспецијализирана здравствена институција од највисок ранг, која е многу различна од установата каде што работам .
- Тоа е секако позитивно искуство кое ќе се потрудам да го применам во моето работење овде
- Голема благодарност до Министерството за здравство на РМ кое ми овозможи да ја изведам обуката, и до Директорот на ЈЗУ ОБ Гевгелија кој ме поддржа во остварување на истата